# Посебни услови за осигурување на апарати во домаќинството во предиод на продолжена гаранција

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје со седиште на Бул.Илинден број 1, 1000 Скопје,тел.број 02 3288 800, факс 02 3215 128,www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 16.03.2026 година и се применуваат од 01.04.2026

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овие Посебни услови се дефинира осигурително покритие на бела техника, мали апарати во домаќинствата, браон техника и сива техника (во понатамошен текст : апарати) во период на продолжена гаранција, по истекот на законската гаранција од производителот.

(2) Овие Посебни услови се применуваат заедно со Општите услови за осигурување на имот.

**Член 2**

Пооделни поими во овие Посебни услови го имаат следното значење:

- **Осигурувачот** – Друштво за осигурување со кое се склучува договорот за осигурување (СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје)
- **Договорувач на осигурувањето** – лице кое со Осигурувачот склучува договор за осигурување во смисла на овие Посебни услови
- **Осигуреник** – лице кое има обвврска да ја обезбеди задолжителната гаранција на апаратот и да ја презентира на осигурувачот;
- **Асистентска компанија** – Договорен партнер на Осигурувачот кој го организира давањето на услугите за продолжена гаранција;
- **Полиса за осигурување** - писмен исправа за склучен договор за осигурување во смисла на овие Посебни услови;
- **Сума на осигурување** – максимална обврска на Осигурувачот по штетен настан;
- **Премија за осигурување** – износ кој го исплаќа договорувачот врз основа на договорот за осигурување;
- **Период на продолжена гаранција** – периодот по истекот на законската гаранција од производителот во траење од дополнителни 12, 24 или 36 месеци од денот на истекот на гаранцијата дадена од производителот;
- **Производ кој е предмет на продолжена гаранција**– гаранцијата опфаќа нови предмети за домаќинствата (бела техника и климатизација, браон техника и сива техника) со малопродажна цена повисока од 50,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Македонија на денот на купување на конкретна стока (ден кој е прикажан во договорот за купување/ или сметка за таа стока доколку не е склучен писмен договор) вклучително и данокот, кои се покриени со гаранцијата од производителот во период од најмалку 12 месеци но не повеќе од 24 месеци.
- **Бела техника и климатизација** –подразбира опрема за домаќинството: Машини за перење, Машини за перење/сушење, Сушари за алишта, Ладилници, Замрзнувачи, Електрични Шпорети, Електрични фурни, Електрични плотни, Микробранови печки, Аспиратори, Машина за садови, Клима уреди, Уреди за греење, Прочистувачи на воздух.;
- **Браон техника (ТВ/Аудио/Видео)** – ја подразбира следната опрема за домаќинството: појачала (засилувачи), камери, камкордери, музички системи и други видови на плеери за ЦД –а, касетофони и радиоапарати, комбинации на телевизори, видеорекордери и ДВД плеери, звучници, опрема за домашни кина, ДВД плеери, прожектори, графоскопи, телевизори, ДВД режачи.
- **Сива техника (Компјутери)** – подразбира опрема за домаќинството: домашни конзоли за видеоигри, преносни мултимедијални МП3 аудио плеери, лаптоп или десктоп компјутери, скенери, принтери.
- **Законска гаранција**- гаранцијата од производителот на опремата.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 3**

(1) Осигурителното покритие важи на територијата на Република Македонија, доколку поинаку не е договорено.

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 4**

(1) Договорот за осигурување се склучува помеѓу Осигурувачот и Договорувачот на осигурувањето.

(2) Договорот може да се склучи со едногодишно траење од 12 месеци и повеќе годишно траење од 24 месеци или 36 месеци.

(3) Пресметка на премијата се врши месечно, до датумот кој што е наведен во полисата за осигурување, за апарти кои се продадени во предходните месеци и за кои е активирана продолжената гаранција, при што се пресметува премија за целиот период на осигурување (траење на услугата за продолжена гаранција).

(4) Пресметка на премијата се врши врз основа список на гаранции кој го доставува Договорувачот на осигурувањето до датумот наведен во полисата секој месц за предходниот месец.

(5) Списокот мора да ги содржи следните податоци, доколку поинаку не е договорено:

а) Доколку е во прашање физичко лице, потребни се следните податоци: име, презиме, официјална адреса на живеење (адреса од лична карта): улица, број, место, општина, поштенски број, податоци за осигураниот уред: вид, марка, модел, сериски број и број на сметката, датум на купување и година на производство.

б) Доколку е во прашање правно лице, потребни се следните податоци: полно службено име, матичен број, даночен број, официјална адреса на седиште: улица, број, место, општина, поштенски број, ( податоци од централен регистар), податоци за осигурениот уред: вид, марка, модел, сериски број и број на сметката, датум на купување на уредот и година на производство.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

(1) Осигурителното покритие започнува само под услов да е извршено активирање (регистрирање) на услугата за продолжена гаранција, во рок од 7 дена од денот на купување на апаратот. Како ден на купување на апаратот се смета датумот прикажан на фискалната сметка.

(2) Активирање на услугата за продолжена гаранција го врши осигуреникот, односно лице кое е сопственик на купениот апарат, во рок од 7 дена од денот на купување на апаратот, во согласност со инструкциите добиени при купување на апаратот.

(4) Доколку е исполнет условот за активирање на продолжена гаранција (активирана гаранција), осигурителното покритие започнува на денот на истекот на законската гаранција од производителот,во 24 .00 часот.

(5) Осигурувањето престанува со истекот на 24 часот оној ден кога истекуваат 12, 24 или 36 месеци на продолжениот гарантен рок ( зависно дали е договорена 12, 24 или 36 месечна гаранција)

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 6**

(1) Сума на осигурување претставува максималната обврска на Осигурувачот по штетен настан во моментот на настанување на осигурениот случај.

(2) Сума на осигурување претставува:

(2.1) Набавната цена на уредот, без ДДВ, трговски маржи и провизии, доколку Осигуреник е производителот односно продавачот на апаратот.

(2.2.) Малопродажната цена на уредот искажана во фискалната сметка или фактура, кој е предмет на продолжена гаранција,доколку Осигуреник е крајниот корисник.

## ОСИГУРАНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

**Член 7**

(1) Со осигурувањето склучено согласно овие посебни услови, се овозможува покритие за продолжена гаранција по истек на законската гаранција од производителот во согласност со Законот за облигациони односи на Република Македонија, при што продолжената гаранција подразбира гаранција за исправно функционирање на предметите по истек на законската гаранција под истите услови и покритија за кои се однесува гаранцијата на самиот производител.

(2) Продложената гаранција се склучува и важи под истите услови за кои е издадена законската гаранција од производителот.

## ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 8**

(1) Обврска на Осигурувачот е исклучена доколку Осигуреникот не извршил активирање на услугите од продолжената гаранција , во согласност со член 5, од овие услови.
(2) Исклучена е обврската на осигурувачот за следната опрема и случаеви:
1) опрема која никогаш не била покриена со законска гаранција;
2) оштетување на потрошни делови настанати како последица на нивна употреба, додатна опрема и потрошни делови кои не се покриени со законската гаранција
3) оштетувања, расипувања, пропусти и грешки кои можат да се препишат на надворешни причини (причини вон апаратот)
4) грешки кои произлегуваат од промените во однос на оригиналната инсталација и карактеристиките на опремата што ја опфаќа;
5) Оштетувања и трошоци настанати при транспорт до сервисот;
6) гумени делови
7) промени кои ги направиле самите корисници а кои не се во согласнот со упатството за употреба на уредот.
8) непочитување на инструкциите од производителот;
9) дефекти што влијаат на делови што се спротивни на оние препорачани од производителот;
10) содржина на артиклите (намирници, облека, и тн.) и сите датотеки, софтвери или податоци содржани во хард дисковите;
11) поставување на вградената опрема (опрема која не е вградена од страна самиот производител или овластениот сервис);
12) штета настаната поради неправилно ракување, почнувајќи од неадекватно одржување на опремата и последици од истото;
13) поправки или оштетувања на осигураната опрема, после поправка извршена од страна на поединци, освен доколку не е изведена од страна на одобрени сервисери од страна на продавачот или производителот;
14) дополнителни трошоци настанати како последица на измена или подобрување на производот;
15) надоместоци или издатоци за утврдување на оштетувањата и проценка за висината на поправката.( трошоци за дефектажа, вештачења, проценки, адвокатски трошоци и др)
16) последици поради граѓанска војна, меѓународни војни, побуни или конфискација од страна на власта или последици на виша сила;
17) штета настаната при извршување на кривично дело, прекршок, или било кои други противправни дејства од страна на осигуреникот или било кое друго лице;
18) последици од цепење на јадро на атомот;
19) промена на сликата која произлегува од расипување на пикселите;
20) оштетувања поради старост на електричните компоненти, освен доколку истите се првично вградени од самиот производител;
21) оштетувања на софтверот, трошоци за реконструкција на информативниот систем и податоците кои се наоѓаат во меморијата на централната процесорска единица;
22) латентни дефекти;
23) штети настанати поради корозија, оксидација, оформување на рѓа, затнување или нечистотија или од постепено распаѓање на опремата;
24) последица на нематеријални дефекти, вклучително и нематеријални саботажи;
25) дефекти кои се однесуваат на додадна опрема, како што се надворешни дренажни цевки и кабли за напојување, поврзување на каблите, антени, слушалки, надворешни уреди (тастатура, маус, таблети, џоистици и тн.) и конечно мрежни и комуникациски периферни уреди (модем, рутер и тн.);
26) оштетувања од естетско значение а кои не влијаат на самото користење на производот и неговата основна намена ( козметички дефект);
27) компоненти и резервни делови кои не се одобрени од производителот;
28) нарушувања на приватни податоци во софтверот и датотеката а врз основа на кои може да дојде барање за надомест на штета;
29) штети настанати со намера или грубо невнимание.

## ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 9**

(1) Во случај на дефект или оштетување на предметот на продолжена гаранција за кои е потребна поправка во смисла на овие Посебни услови, Осигурувачот на Осигуреникот/Корисникот на осигурувањето ќе му ги надомести вистинските трошоци за поправка во овластениот сервис или на друг сервис кој Осигурувачот ќе го одобри,но најмногу до висина на осигурената сума.
(2) Осигурувачот нема да ги надомести трошоците кои ќе настанат поради подобрувања на предметот при поправката;
(3) Во случај на уништување на предметот, како и во случај кога поправката технички или објективно не можна или е економски неоправдана (тотална штета), обврската на Осигурувачот е, на Осигуреникот/Корисникот на осигурувањето да му исплати надоместок во висина на вредноста на нов таков уред, намалена за вредноста амортизацијата и вредноста на остатоците доколку постои, а максимално до сумата на осигурување .
(4) Максималната обврска на осигурувачот за сите пријавени штети во агрегат, во периодот на осигурување е најмногу до висината на осигурената сума.

## ПРИМАРНО И ПОВЕЌКРАТНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 10**

(1) Доколку ризикот, во случај на настанување на оштетувања, кој е покриен со продолжена гаранција, е опфатен и со друго осигурително покритие (друг вид на осигурување), како примарно осигурување ќе се смета другиот вид на осигурување, а доколку во другото осигурување постои идентична ваква одредба, како примарно осигурување ќе се смета она осигурување кое е прво склучено.
(2) Доколку од други видови на осигурување склучени кај повеќе осигурувачи може побарувањата за надоместокот и надоместокот да се исплатува пропорционално од страна на секој осигурувач, надоместокот ќе се исплати пропорционално во однос премијата што припаѓа на секој осигурувач, но не повеќе од вкупниот збир на износот на штетата

## ПРАВНА СИТУАЦИЈА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРАН СЛУЧАЈ

**Член 11**

По настанување на осигуран случај ,осигурувањето престанува да важи доколку на осигурениот предмет настанала тотална штета без оглед дали штетата е надоместена или не е.
Договорувачот, осигуреникот, корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови. Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преурането и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.“

**Член 12**

Доколку не се во спротивност со овие Посебни услови, за договорите на осигурување склучени согласно овие Услови, се применуваат и
- Општите услови за осигурување на имот
- Законот за облигациони односи
- Законот за заштита на потрошувачи

## НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

**Член 13**

Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот, осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување ( комисија за постапување по преставки);
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување. Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката

Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето. За сето она што не е регулирано со овие општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи.
Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи.